A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-109/13
11.02 2020 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 112, став 2 и член 114 став 1 ,алинеја 2 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РСМ број 24/2019 ),Градоначалникот на Општина Зрновци , на ден 11.02.2020 год., ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка : Реконструкција на Трпезариска сала на селските гробишта во с.Зрновци. објавена на Веб страната на БЈН под бр.00940/2020 од 30.01.2020 год , СЕ ПОНИШТУВА од причини што **не е поднесено ниту една прифатлива понуда .**

2. Сите дејствија во врска со постапката се прекинуваат.

3.Согласно член 114 став 3 и 4 од Законот за јавни набавки , Општина Зрновци писмено ке ги извести учесниците во постапката и ке објави известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН за причините за поништување на постапката .

## Образложение

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РСМ бр.24/2019), Градоначалникот на Општина Зрновци ,донесе Одлука за јавни набавки бр.09-109/1 од 30.01.2020 година за јавна набавка – Реконструкција на Трпезариска сала на селските гробишта во с.Зрновци. Комисијата за јавни набавки во Општина Зрновци , постапувајќи по истата, за спроведување на Набавка од мала вредност со објавување на оглас , која постапка се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и завршува со е-аукција како последна фаза за доделување на договорот.На Огласот пристигна 1 /една/ понуда .Согласно член 109 ,Комисијата за јавни набавки изврши евалуација на првичната понуда и понудата ја оцени како комплетна.

Единствената поднесена понуда ,истата прифатена при евалуацијата како комплетна од страна на Комисијата за јавни набавка при Општина Зрновци беше поднесена од понудувачот – Друштво за градежништво,трговија и услуги ЕВРОГРАДБА –ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Владиевци Василево која изнесуваше 581,887,50 денари (без пресметан ДДВ). Општина Зрновци за оваа набавка имаше предвидено сопствени средства во износ од =450,000,00 ден.,(без пресметан ДДВ) .

Комисијата за јавни набавки при Општина Зрновци, до одговорното лице на Договорниот орган , достави Записник од јавното отварање на понудите бр.09-109/6 од 06,02,2020 год. , Извештај од спроведената постапка бр.09-109/12 од 10.02.2020 год

Бидејки општината располага со лимитиран буџет не е во можност да дообезбеди додатни средства .

Имајки го во предвид наведеното , а во согласност со член 114 став 1 ,алинеја 2 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РСМ број 24/2019 ) , Градоначалникот на Општина Зрновци донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволниот учесник во постапката за избор на најповолен понудувач може да поднесе жалба до Државна комисијата за жалби по јавни набавки и до Договорниот орган, во рок од 5 (пет) дена од денот на доставувањето на известувањето.

Одлучено на ден 11.02.2020 год. , а заведено под арх.бр.09-109/13.

***Општина Зрновци***
***Градоначалник,***

***(Блаже Станков )***

**Доставено до:**
- Друштво за градежништво,трговија и услуги ЕВРОГРАДБА –ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Владиевци Василево
- **архива**
- **досие**